**ДРЖАВНО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ СО РЕСУРСЕН ЦЕНТАР „СВ. НАУМ ОХРИДСКИ“**

КОНКУРС за упис на ученици во прва година за учебната 2026-2027

во двегодишното стручно образование со времетраење од три години според адаптирани наставни планови и програми можат да се запишат ученици со интелектуална попреченост во психофизичкиот развиток, во следните сектори и образовни квалификации:

**Сектор Графичарство**

- послужувач на графички машини

- помошник картонажер и книгоповрзувач

**Сектор Машинство**

- помошник бравар-лимар

- помошник автомеханичар

**Сектор Текстил, кожа и слични производи**

- помошник конфекционер

**Сектор Електротехника и информатички технологии**

- помошник електромеханичар

**Сектор градежништво и геодезија**

- помошник молеро - лакер

**Сектор угостителство и туризам**

- помошник готвач

**КОНКУРСНИ РОКОВИ**

Пријавувањето на учениците ќе се врши преку електронско аплицирање, преку линк до системот за електронски услуги на Министерството за образование и наука https://euslugi.mon.gov.mk/ со посебна најава за средношколци преку сопствените кориснички сметки на schools.mk.

**♣ ЈУНСКИ УПИСЕН РОК:**

* Првото електронско пријавување на учениците ќе се врши од 00:00 часот на 12 јуни до 23:59 часот на 15 јуни 2026 година.

- Доставувањето на потребната документација до училиштата е на 16 јуни 2026 година од 08.00 часот до 19:00 часот и 17 јуни 2026 година од 08.00 часот до 15:00 часот.

.

* Второто електронско пријавување на учениците ќе се врши на 23 јуни 2026 година од 00:00 часот до 23:59 часот.

- Доставувањето на потребната документација до училиштата е на 24 јуни 2026 година од 08:00 до 15:00 часот.

♣ **АВГУСТОВСКИ УПИСЕН РОК:**

- Пријавување на учениците ќе се врши на 20 август 2026 година од 00:00 часот до 15:00 часот електронски.

- Доставувањето на потребената документација до училиштата е на 21 август 2026 година од 08.00 часот до 14:00 часот.

Директор

Јордан Стојановски